**За најуспешен странски поет беше прогласен Невен Лукачевиќ од Хрватска, а за најмлад автор Сара Ѓорѓиоска. На конкурсот за второто издание на фестивалот, беа пријавени 73 автори од Македонија, Србија, Бугарија и Хрватска**



(Фото:Телеграф.мк/ Зоран Маџоски)

**Со прогласувањето на најуспешните поети, денес во Центарот за култура АСНОМ во Гостивар беше означен крајот на второто издание на поетскиот фестивал “Литературни искри”.**

Според изборот на петчлената жири комисија, гран прито го освои Стефан Марковски од Гевгелија, првата награда му припадна на Давор Крстевски од Куманово, втората награда на Катерина Гогова од Дојран, а третата на Цветанка Колева од Кавадарци.

**За најуспешен странски поет беше прогласен Невен Лукачевиќ од Хрватска, а за најмлад автор Сара Ѓорѓиоска. На конкурсот за второто издание на фестивалот, беа пријавени 73 автори од Македонија, Србија, Бугарија и Хрватска.**

Синоќа, на кејот на Вардар, во амфитеаторот, поетско читање имаа 14 поети кои влегоа во потесниот избор за награди. Како дел од програмата која ја проследи манифестацијата беше и испраќањето на “Патеката на мирот”, која како нов проект, ја промовираше ликовниот уметник **Живко Поповски-Цветин**
Сите пријавени поети кои учествуваа на конкурсот се застапени во заеднички Алманах кој се промовира по изборот на најдобрите.Поетскиот фестивал во Гостивар го организираа Центарот за култура и здружението Културен бран со поддршка на

Министерството за култура.

(З.М/Телеграф.мк)